Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: "Службен весник на НРМ" — Скопје, и не се враќа

СКОПЈЕ
Сабота, 27 мај 1950 година
Бр. 13 Год. VI

Овој број чини 2 динари. Претплата за една година изнесува 250 динари, за едно полугодие 125 дин

88

Врз основа на чл. 73 точ. 4 и 9 од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог од Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на НРМ донесе

УКАЗ

ЗА ОСНОВАЊЕ НА СТОПАНСКИ СОВЕТ НА ВЛАДАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I

За општо раководство на работите од стопанството од републиканска надлежност и за координирање на дејностите на републиканските органи што се надлежни за тие работи, се основа Стопански совет на Владата на Народна Република Македонија.

На чело на Стопанскиот совет на Владата на НРМ стои претседател на Советот, кој што е министер во Владата на НРМ.

Стопанскиот совет го сочинуваат, освен претседателот на Советот, министерот-претседател на Советот за земјоделство и шумарство, министерот-претседател на Советот за промет со стоки, министерот-претседател на Советот за преработувачка индустрија, министерот-претседател на Советот за енергетика и екстрактивна индустрија, министерот-претседател на Советот за комунални работи и локална индустрија, претседателот на Планската комисија, министерот на финансиите, министерот на трудот, министерот на градежите и министерот-претседател на Комитетот за надворешна трговија.

Стопанскиот совет има и поширок состав во кој што влегуваат и другите членови на Владата што раководат стопански ресори.

II

Владата на НРМ ќе го изврши овој Указ.

III

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. Бр. 18 Скопје, 23 април 1950 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Цунов с. р.

Претседател, Богоја Фотев с. р.

89

Врз основа на чл. 73 точ. 7 од Уставот на НРМ а во врска со Указот на Президиумот на Народното собрание на НРМ Бр. 18 од 23 април 1950 година за основање Стопански совет на Владата на НРМ, а по предлог на Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесе

УКАЗ

ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СТОПАНСКИОТ СОВЕТ НА ВЛАДАТА НА ПРМ

I

За Претседател на Стопанскиот совет на Владата на НРМ се поставува Борко Темелковски, потпретседател на Владата на НРМ.

II

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. Бр. 19 Скопје, 23 април 1950 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Цунов с. р.

Претседател, Богоја Фотев с. р.

90

Врз основа на чл. 2 од Законот за одредување имиња на населените места, улиците и плоштадите и за нумерирање на куќите во врска со чл. 5 точ. 25 и чл. 8 од Законот за Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија, а по предлог од Комитетот за законодавство и изградба на народната власт на Владата на НРМ, — Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесе

УКАЗ

ЗА ИЗМЕНА ИМЕТО НА ГРАДОТ ЦАРЕВО СЕЛО ВО ДЕЛЧЕВО И ОКОЛИЈАТА ЦАРЕВОСЕЛСКА ВО ОКОЛИЈА ДЕЛЧЕВСКА

I

Името на градот Царево Село се изменува во Делчево.

Името на Околијата царевоселска се изменува во Околија Делчевска.

II

Владата на Народна Република Македонија ќе го изврши овој Указ.

У. Број 20 Скопје, 23 април 1950 година.

ПРЕЗИДИУМ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секретар, Ристо Цунов с. р.

Претседател, Богоја Фотев с. р.

91

Врз основа на точ. 5 од Решението за одредување елементите од кои што се состои структурата на нормираните трошкови за издршка на децата збринати во установите за заштита и воспитание на децата и младината ("Службен лист на ФНРЈ" бр. 107/49), донесувам

РЕШЕНИЕ

ЗА ВИСИНАТА НА НОРМИРАНИТЕ ТРОШКОВИ ЗА ИЗДРШКА НА ДЕЦАТА ВО УСТАНОВИТЕ ЗА ЗАШТИТА И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦАТА И МЛАДИНАТА ВО РЕСОРОТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ГРИЖИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I) Висината на нормираните трошкови за издршка на децата (младината) во установите за заштита и воспитание на децата и младината во ресорот на Министерството за социјални грижи, се определува и тоа:

а) во домовите за воспитно напуштени деца и младинци за издршка на едно дете односно младинец 1800 динари месечно.

б) во специјалните домови (заводи) за физичко дефектни деца (слепи, инвалидни и глувонеми) за издршка на едно дете односно младинец 1500 дин. месечно;

в) во детските и младинските одморалишта (летувалишта) за издршка на едно дете односно младинец, и тоа:

1) во одморалиштата (летувалиштата) на народните одбори во надлежност на поверенствата за социјални грижи 800 динари месечно; и

2) Во одморалишта на Народна Република Македонија во надлежност на Министерството за социјални грижи 1000 дин. месечно.

II Износот кој ќе го плаќа родителот за издршка на детето ќе го определува управителот на установата.

III Ова Решение влегува во сила веднаш.

Број 3704 Скопје, 13-V-1950 година.

Го застапува
Министерот за социјални грижи
Министер на народно здравје
Д-р В. Попадиќ, с. р.

92

По укажаната потреба, ја донесувам следната

НАРЕДБА

ЗА СТАВАЊЕ ВОН СНАГА НАРЕДБАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЗАЛИХИТЕ ШЕКЕР САПУН, МАСНОТИИ И ОГРЕВНИ МАТЕРИЈАЛИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Се става вон снага Наредбата за задолжително пријавување на залихите ШЕКЕР, САПУН, МАСНОТИИ и ОГРЕВНИ МАТЕРИЈАЛИ на подрачјето на Народна Република Македонија — бр. 12981 од 26-V-1949 година ("Службен весник на НР Македонија" број 13 од 21-VI-1949 година).

2. Оваа Наредба стапува на снага веднаш.

Бр. 6015, 6 мај 1950 година. Скопје

Министер
за трговија и снабдување
Хр. Бајалски с. р.

93

Врз основа на чл. 9 од Уредбата за контрола на прометот со недвижности ("Сл. лист на ФНРЈ" бр. 24/48 год.) Министерот на правосудието на Народна Република Македонија, во согласност со Министерот за комунални работи на Народна Република Македонија и Министерот за земјоделие на Народна Република Македонија, пропишува

НАПАТСТВИЕ

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАПАТСТВИЕТО ЗА ИЗВРШУВАЊЕ УРЕДБАТА ЗА КОНТРОЛА НА ПРОМЕТОТ СО НЕДВИЖНОСТИ

I

Став 2 точ. II од Напатствието за извршување на Уредбата за контрола на прометот со недвижности (Сл. весник на НРМ бр. 1/49) се менува и гласи

Одобрение е потребно кога сопственоста се пренесува односно теретот се заснива врз основа на одрекнување од наследство во полза на одреден наследник.

Во случај на одрекнување од наследство во полза на одреден наследник, судот по службена должност ќе побара одобрение од извршниот одбор на надлежниот народен одбор, и ако одобрението биде ускратено судот ќе го повика наследникот што се одрекнал од наследството и, од кога ќе му ја саопшти одлуката на народниот одбор ќе побара повторно да се изјасни, да ли го прима наследството или се одрекнува од наследството изопшто. Ако таквиот наследник и понатака остане при својата поранешна изјава за одрекнување од наследство во полза на одреден наследник, судот оставината ќе ја расправи без да ја земе предвид таа изјава.

II

Во точ. VIII се додава нов став кој гласи:

Со предлогот за одобрение странките се должни да приложат и писмено составен и потписан договор, Органот надлежен за давање на одобрение, ако одобрението го издаде, на документот за правната работа ќе стави клаузула од која ќе се види дека е дадено одобрение.

III

Ова напатствие влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 1817, 16 мај 1950 год. гр. Скопје

Министер за правосудието на НРМ
Бл. Левков с. р.

Согласни:

Министер за комунални работи на НРМ
Љубо Зафиров с. р.
Министер за земјоделие на ПРМ
Мито Гем[illegible]

СОДРЖИНА

Рег. бр.		Страна
88	Указ за основање на Стопански совет на Владата на НРМ	81
89	Указ за поставување на Претседател на Стопанскиот совет на Владата на НРМ	81
90	Указ за измена името на гр. Царево Село во Делчево и околијата Царевоселска во околија Делчевска	81
91	Решение за висината на нормираните трошкови за издршка на децата во установите за заштита и воспитание на децата и младината во ресорот на социјалните грижи на територијата на НРМ	82
92	Наредба за ставање вон снага Наредбата за задолжително пријавување на залихите шекер, сапун, маснотии и огревни материјали на подрачјето на НРМ	82
93	Напатствие за измени и дополнување на Напатствието за извршување Уредбата за контрола на прометот со недвижности	82

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОГЛАСЕН ДЕЛ

Бр. 13 Скопје, Сабота 27 мај 1950 год. Год. VI

СЛУЖБЕНИ ОГЛАСИ

Народна банка ФНРЈ—Централа за Народна Република Македонија објавува да е со судско решење, а по прописите на Уредбата за ликвидација на конфискованата имовина на приватните кредитни претпријатија истата ликвидација завршена. За тоа лицата кои имале штедни влогови во Првата хрватска штедионица Скопје, ќе можат истите да ги подигнат од 20 март 1950 година.

Улозите на штедња до дин. 5.000. —, ќе се исплагуват во целост 100%, иселеничките влогови и иселеничките потраживања од непословен карактер во целост 100%. Улози на штедња преко 5.000 дин. со квота од Дин. 53%.

Улозите на штедња, иселенички улози и иселенички потраживања од непословен карактер кај конфискованите кредитни претпријатија се преносат на Народната банка ФНРЈ во смисол чл. 16 ст. 3 и 4 од Уредбата за ликвидација на односите настанали со конфискација на имовината на приватните кредитни претпријатија. За сите пренесени влогови и потраживања. Народната банка ФНРЈ ќе издаде свои влогови книшки, кои се во подполност изедначуваат со останалите влогови при Народната банка ФНРЈ.

Кога ќе се пренесат горе наведените влогови и потраживања на Народна банка ФНРЈ, вложители кои имале до Дин. 5.000. — ќе дадат писмена изјава, да не им е конфискована имовината, нито пак секвестрирана или национализирана, т. е. да се против нив не води нито еден од горе наведените постапки. Вложители кои имале преко Дин. 5.000. — ќе дадат за горното потврда од надлежниот окружен суд. Вложувач кој ќе донесе книшка, која не гласи на негово име, ќе треба да го докаже своето власништво.

Затоа се позиват сите горе наведени вложувачи, кои имаат влогови или потраживања кај филијалата на Првата хрватска штедионица на подрачјето на Народна Република Македонија, да ги предадат своите влогови книшки во Народната банка ФНРЈ—Централа за Народна Република Македонија, како би ги банката исти те заменила со свои штедни книшки. Замената ќе отпочне од 20 март 1950 година.

Начинот на регулисањето на останалите обврски на горе наведената банка ќе се објави дополнително во "Службен весник на НРМ".

НАРОДНА БАНКА ФНРЈ
Централа за Народна Република Македонија
СКОПЈЕ

II—6—109

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОКОЛИСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

Пред судот се води оставинска постапка за пок. Свекаров Поп. Костов Димо, бив. од Скопје кој е умрел на 14-IV-1949 год. во Скопје, кој што е оставил наследници: керки: Невена, Стојка, Бојка, Павлина, Викторија и Благородна, од кои е Благородна со непознат адрес, на која е одреден старател Жика Баждавела, адвокат од Скопје.

Се повикува наследницата Благородна Поп-Костова, да во срок од шест месеци од објавувањето на огласот во "Службен весник на НРМ" се јави или одреди свој полномошник или пак на старателот Жика Баждавела, адвокат од Скопје. Во противен случај после истекот на горниот срок оставината ќе се расправи по закон.

Од Околиски суд во Скопје, 27-I-1950 год. 0 бр. 2 7/49 I—3—50

ОКОЛИСКИ СУД — БИТОЛА

Полисата издадена од државниот осигурителен завод број 120070 на Јанкуловски Томе од Битола е нестанала поради кое овој суд по предлогот на сопственикот покрена постапка за поништај на истата.

Се повикува држателот да во срок од шест месеци од денот на објавувањето на овој оглас во "Службен весник на НРМ" се пријави на судот и ја покаже исправата како и заинтересираните да стават проговор против овој предлог. Во противен случај по истекот на срокот полисата ќе се прогласи за поништена.

Од Околискиот суд — Битола Р. 677/50

ОКОЛИСКИ СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА

По бракоразводната парница на тужителката Савка Друговиќ, од с. Фурка — Гевгелиска околија, против туженото Никола В. Друговиќ, од с. Клокаре срез Дервентски НР Босна, со последно местожитество во гр. Књажевац НР Србија, сега во неизвесност. Се поканува туженото Никола во рок од 15-петнаесет дена од излегувањето на овој оглас во "Службен весник на НР Македонија", да се јави на овој суд лично или преку полномошник за да ги застапува своите интереси во парницата.

Во противно му се, одредува по службена должност за заступник Илија Пеев, службеник во О. н. одбор Гевгелија на негов ризик и разноски.

Од Околискиот суд во Гевгелија, Г. д. Бр. 19/50 од 24-IV-1950 година. I—4—74

ОКОЛИСКИ СУД ВО СТРУГА

Пристапи кон овој суд без покана Пенка Чела, по татко Матоска од гр. Струга и мајка Фина Матоска, стара 26 години, албанска учителка па изјави: Со намерение сум да заминам при мојот маж Тела Чела во Албанија па затова ги поканувам сите лица во ФНРЈ во колку некој од мене побарува било во пари или во друго да се истите јават во срок од 15 дена при Околискиот суд во Струга.

Од Околискиот суд во Струга Р. Бр. 129/49 год. I—9—154

РЕГИСТРАЦИИ НА ДРЖАВНИ СТОПАНСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

РЕГИСТРАЦИЈА НА ДРЖАВ. СТОП. ПРЕТПРИЈАТИЕ ОД РЕПУБЛИКАНСКО ЗНАЧЕНИЕ ЛИГНИТОВ РУДНИК "ОСЛОМЕЈ" СО СЕДИШТЕ ВО С. ОСЛОМЕЈ

Министерството на финансиите на НРМ, во смисол на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански

претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Врз основа на решението на Министерството на финансиите на НРМ бр. 2907 од 20-III-1950 год. уписано е во регистарот на државните стопански претпријатија од републиканско значение, на страна 278 државно стопанско претпријатие од републиканско значение под фирма:

ЛИГНИТОВ РУДНИК „ОСЛОМЕЈ" со седиште во с. ОСЛОМЕЈ.

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ бр. 868 од 13-III-1950 година.

Предмет на работата на претпријатието е: производство на лигнит

Административно-оперативен раководител на претпријатието е: Главната дирекција на републиканските рударски претпријатија

Фирмата ќе ја потпишуват директорот на претпријатието Владо Филиповски во границите на овластението.

Бр. 2907 од Министерството на финансиите на НРМ 20-III-1950 година.

II—8—135

РЕГИСТРАЦИЈА НА ДРЖАВ. СТОП. ПРЕТПРИЈАТИЕ ОД РЕПУБЛИКАНСКО ЗНАЧЕНИЕ ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ И ПОШУМУВАЊЕ НА ПОРОИ "ТРИФУН ПАНОВСКИ" СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА

Министерството на финансиите на НРМ, во смисол на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Врз основа на решението на Министерството на финансиите на НРМ бр. 304 од 3-IV-1950 год. уписано е во регистарот на државните стопански претпријатија од републиканско значение, на страна 281 државно стопанско претпријатие од републиканско значение под фирма:

ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ И ПОШУМУВАЊЕ НА ПОРОИ "ТРИФУН ПАНОВСКИ" со седиште во Битола

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ бр. 874 од 13-III-1950 година.

Предмет на работата на претпријатието е уредување на порои, подигање на ветрозаштитни појаси, пошумување на поројните периметри, ресурекциони сечи во поројните периметри, произведување на шумски фиданки и собирање на шумско семе за сопствени потреби.

Административно-оперативен раководител на претпријатието е: Министерството за шумарство на НР Македонија.

Фирмата ќе ја потпишуват директорот на претпријатието, инж. Милорад Ракичевик', во границите на овластението.

Бр. 3044 од Министерството на финансиите на НРМ 24-III-1950 год. II—8—136

РЕГИСТРАЦИЈА НА ДРЖАВ. СТОП. ПРЕТПРИЈАТИЕ ОД РЕПУБЛИКАНСКО ЗНАЧЕНИЕ ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МЕРМЕР СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП

Министерството на финансиите на НРМ, во смисол на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Врз основа на решението на Министерството на финансиите на НРМ бр. 3312 од 6-IV-1950 год. уписано е во регистарот на државните стопански претпријатија од републиканско значение, на страна 287 државно стопанско претпријатие од републиканско значение под фирма:

ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА МЕРМЕР СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП.

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ бр. 48 од 5-I-1950 година.

Предмет на работата на претпријатието е производство на разни врсти на мермер.

Административно-оперативен раководител на претпријатието е: Главната дирекција на републиканските рударски претпријатија.

Фирмата ќе ја потпишуват директорот на претпријатието Методија Шоповски, во границите на овластението.

Бр. 3312 од Министерството на финансиите на НРМ 6-IV-1950 година.

II—8—137

РЕГИСТРАЦИЈА НА ДРЖАВ. СТОП. ПРЕТПРИЈАТИЕ ОД РЕПУБЛИКАНСКО ЗНАЧЕНИЕ ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ И ПОШУМУВАЊЕ НА ПОРОИ "ОВЧЕ ПОЛЕ" СО СЕДИШТЕ ВО СВЕТИ НИКОЛЕ

Министерството на финансиите на НРМ, во смисол на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Врз основа на решението на Министерството на финансиите на НРМ бр. 3095 од 3-IV-1950 год. уписано е во регистарот на државните стопански претпријатија од републиканско значение, на страна 286 државно стопанско претпријатие од републиканско значение под фирма:

ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ И ПОШУМУВАЊЕ НА ПОРОИ "ОВЧЕ ПОЛЕ" СО СЕДИШТЕ ВО СВЕТИ НИКОЛЕ.

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ бр. 873 од 13-III-1950 година.

Предмет на работата на претпријатието е: уредување на порои, подигање на ветрозаштитни појаси, пошумување на поројните периметри, ресурекциони сечи во поројните периметри, произведување на шумски фиданки и собирање на шумско семе за сопствени потреби.

Административно-оперативен раководител на претпријатието е: Министерството за шумарство на НР Македонија.

Фирмата ќе ја потпишуват директорот на претпријатието Петар Сидеровски во границите на овластението.

Бр. 3095 од Министерството на финансиите на НРМ 3-IV-1950 год. II—8—144

РЕГИСТРАЦИЈА НА ДРЖАВ. СТОП. ПРЕТПРИЈАТИЕ ОД РЕПУБЛИКАНСКО ЗНАЧЕНИЕ ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СЕЛЕКЦИЈА И ПОДОБРУВАЊЕ НА ШАРПЛАНИНСКАТА ОВЦА "НАПРЕДОК" СО СЕДИШТЕ ВО С. НИЧПУР — ГОСТИВАРСКО

Министерството на финансиите на НРМ во смисол на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Врз основа на решението на Министерството на финансиите на НРМ бр. 1445 од 24-II-1950 год. уписано е во регистарот ни државните стопански претпријатија

од републиканско значение, на страна 275 државно стопанско претпријатие од републиканско значение под фирма:

ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СЕЛЕКЦИЈА И ПОДОБРУВАЊЕ НА ШАРПЛАНИНСКАТА ОВЦА "НАПРЕДОК" СО СЕДИШТЕ ВО С. НИЧПУР — ГОСТИВАРСКО.

Претпријатието е основано со решение на Владата на НРМ бр. 44 од 5-I-1950 година.

Предмет на работата на претпријатието е селекција и подобрување на шарпланинската овца применувајќи најсовршени научни методи.

Административно-оперативен раководител на претпријатието е: Главната дирекција на државните земјоделски и сточарски стопанства на Министерството на земјоделие на НРМ.

Фирмата ќе ја потпишува директорот на претпријатието Јован Личковски во границите на овластението.

Бр. 1445 од Министерството на фининсиите на НРМ 24-II-1950 година. 4—II—59

РЕГИСТРАЦИЈА НА ДРЖАВНО СТОПАНСКО ПРЕТПРИЈАТИЕ ОД РЕПУБЛИКАНСКО ЗНАЧЕНИЕ СТОПАНСКО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО СО СРЕДСТВА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО "ОРАЧ" СО СЕДИШТЕ ВО ГР. СКОПЈЕ

Министерството на финансиите на НРМ, во смисол на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Врз основа на решението на Министерството на финансиите на НРМ бр. 1532 од 24-II-1950 год. уписано е во регистарот на државните стопански претпријатија од републиканско значение, на страна 274 државното стопанско претпријатие од републиканско значение под фирма:

СТОПАНСКО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СНАБДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО СО СРЕДСТВА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО "ОРАЧ" СО СЕДИШТЕ ВО ГР. СКОПЈЕ.

Претпријатието е основано со фузија на следните претпријатија: Продајно дистрибутивно претпријатие за снабдување на државните земјоделски и сточарски стопанства од републиканско и локално значение и за снабдување на економиите "Сервиз" во Скопје; Државно стопанско претпријатие за снабдување на земјоделието со семиња "Семецентрала" во Скопје и Стопанско претпријитие за снабдување на земјоделието со средства за земјоделско производство "Орач" во Скопје врз основа на решението на Владата на НРМ бр. 45 од 5-I-1950 година.

Предмет на работата на претпријатието е: набавка и расподелување средствата за земјоделско производство на државните земјоделски и сточарски стопанства од републиканско и локално значение и економиите.

Административно-оперативен раководител на претпријатието е Министерството за земјоделие на НР Македонија.

Фирмата ќе ја потпишува директорот на претпријатието Филип Филиповски, а во неговото отсаствие пом. директор Борис Цартевски во границите на овластението.

Бр. 650 од Министерството на финансиите на НРМ 24-II-1950 година. II—4—63

РЕГИСТРАЦИЈА НА ДРЖАВНОТО СТОПАНСКО ПРЕТПРИЈАТНЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ПЛОЧИ "БЛАЖО ТОДОРОВ" ВО СЕЛО ФАРИШ КАВАДАРСКА ОКОЛИЈА

Околискиот народен одбор Поверенство за финансии во Кавадарци, врз основа на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

На основание решението на Околискиот народен одбор Поверенство за финансии Кавадарци бр. 2787 од 20-II-1950 год. записано е во регистарот на државните стопански претпријатија под фирма: Индустриско производно претпријатие "Блажо Тодоров" со седиште во село Фариш, Кавадарска околија.

Претпријатието е основано со решение на Околискиот народен одбор — Кавадарци бр. 2750 од 20-II-1950 година.

Предмет на работата на претпријатието е: да производи плочи на територијата на Околискиот народен одбор — Кавадарци и истите ги продава.

Административно-оперативен раководител на претпријатието е Извршниот одбор на Околискиот народен одбор во Кавадарци.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Вангел Стојчев, директор на претпријатието.

Од Поверенство за финансии при Околискиот народен одбор Кавадарци.

Бр. 2787 од 20-II-1950 год. II—3—57

РЕГИСТРАЦИЈА НА ГРАДСКОТО ПРОИЗВОДНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ГРОЗЈЕ И АЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ "ЛОЗАР" СО СЕДИШТЕ ВО ТИТОВ ВЕЛЕС

На 28-II-1950 година е извршен упис во регистерот на државните стопански претпријатија при Поверенството за финансии на страна 26 бр. 26 на Градското производно претпријатие "Лозар".

Предмет на работата на претпријатието е производство на грозје и преработка на алкохолни пијалоци на големо.

Претпријатието е основано со решение на Градскиот народен одбор на гр. Титов Велес бр. 2967 протокол бр. 2 од 23-II-1950 година.

Административно оперативен раководител на претпријатието е Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на гр. Титов Велес.

Фирмата на претпријатието е: Градско производно претпријатие за грозје и алкохолни пијалоци "Лозар."

Седиште на претпријатието е гр. Титов Велес.

Претпријатието ќе го потпишува директорот на претпријатието ВАНГЕЛ ЦУРАКОВ во границите на овластението.

Бр. 2967 Градски народен одбор Т. Велес.

II—8 148

ПРОМЕНИ ВО РЕГИСТЕРОТ

НАЗНАЧУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОРОТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ЗА УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ "ИЛИНДЕН" СО СЕДИШТЕ ВО КРУШЕВО

Министерството на финансиите на НРМ во смисол на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија, објавува:

Со решение на Комитетот за туризам и угостител-

ство при Владата на НРМ бр. 8 од 1-III-1950 година Петар Твмов Николов е назначен за директор на Претпријатието за туризам и угостителство "Илинден" со седиште во Крушево и на должност стапил на 1-III-1950 година од кој ден има право да ја потпишува фирмата на границите на овластението.

Со решение на Комитетот за туризам и угостителство при Владата на НРМ бр. 6 ол 1-III-1950 година разрешен е од должноста досегашен директор Ванчо Ташковски и од 1-III-1950 година му престанува правото да ја потпишува фирмата на претпријатието.

Бр. 2154 од Министерството на финансиите на НРМ 6-III-1950 година. II—6—105

НАЗНАЧУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОРОТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ФАБРИКА ЗА МАСЛО "ВЕЛЕС" СО СЕДИШТЕ ВО ТИТОВ ВЕЛЕС

Министерството на финансиите на НРМ во смисол на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија, објавува:

Со седиште на Министерството на индустријата и рударството на НРМ бр. 44 од 6-II-1950 год. Перо Богевски е назначен за директор на Фабрика за масло "Велес" со седиште во Титов Велес и на должност стапил на 6-II-1950 год. од кој ден има право да ја потпишува фирмата на границите на овластението.

Со решение на Министерството на индустријата и рударството на НРМ бр. 45 од 6-II-1950 год. разрешен е од должноста досегашен директор Крум Димов и од 6-II-1950 година му престанува правото да ја потпишува фирмата на претпријатието.

Бр. 2154 од Министерството на финансиите на НРМ 1-III-1950 година. II—6—96

НАЗНАЧУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОРОТ НА ГРАДСКОТО ГРАДЕЖНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ НА СТАНОВИ "ДЕБАРЦЕ" СКОПЈЕ

Финансовото поверенство при Градскиот народен одбор на гр. Скопје, врз основа на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија, објавува:

Со решение на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор на град Скопје, бр. 14073 од 10-I-1950 година, разрешен е од должност Деспот Јакимовски директор на Градското градежно претпријатие за градење на станови "ДЕБАРЦЕ" Скопје, од кој ден му престанува правото да го потпишува претпријатието.

Со решение на Градскиот народен одбор Извршниот одбор на град Скопје бр. 1174 од 9-II-1950 година, назначен е за директор на Градското градежно претпријатие за градење на станови "ДЕБАРЦЕ" Скопје, Љубче Кочков, кој ќе го потпишува задолжува и раздолжува претпријатието, а финансовите налози колективно со Никола Ивановски, шеф на сметководството при истото претпријатие.

Бр. 851 од 18-II-1950 година. II—4—72

НАЗНАЧУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОР НА ГРАДСКОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КРАВАРСТВО СКОПЈЕ

Поверенството за финансии при Г.Н.О. Скопје, врз основа чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Со решение на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор Скопје бр. 2620 од 10 IV 1950 год. разрешен е од должност директорот на Градското претпријатие за краварство Скопје Куновски Лазар од кој ден му престанува правото да го потпишува претпријатието.

Со решение на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор Скопје бр. 2620 од 10 IV 1950 год. назначен за директор на Градското претпријатие за краварство Скопје Арслан Зејнула кој ќе го потпишува, задолжува и раздолжува претпријатието во границите на овластението.

Бр. 2009 од 21 I V 1950 год.

НАЗНАЧУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОРОТ НА ГРАДСКОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СЛАТКАРНИЦИ — СКОПЈЕ

Финансовоото поверенство при Градскиот народен одбор за град Скопје врз основа на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Со решение на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор за град Скопје бр. 2154 од 30 III 1950 година разрешен е од должност Кочевски Стојан досегашен директор на градското претпријатие за слаткарници, од кој ден му престанувaа правото да го потпишува претпријатието.

Со решение за Извршниот одбор на Градскиот народен одбор за град Скопје бр. 2154 од 30 III 1950 година се назначува за директор на претпријатието Васиќ Владо кој ќе го потпишува-задолжува и раздолжува претпријатието во границите на овластението.

Број 1855 од 13 IV 1950 година.

II — 10 — 172

НАЗНАЧУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОР НА РЕОНСКАТА КОНДУРАЦИСКА ХОТЕЛИ — СКОПЈЕ

Поверенството за финансии при Градскиот народен одбор за град Скопје, врз основа на чл. 17 од Основниот закон за државните стопански претпријатија и чл. 18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Со решение на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор за град Скопје бр. 2154 од 30-III-1950 година, разрешен е од должност Бошнаковски Трпе директор на Градското претпријатие за хотели — Скопје, од кој ден му престанува правото да го потпишува претпријатието.

Со решение на Извршниот одбор на Градскиот народен одбор за град Скопје бр. 2154 од 30-III-1950 година, назначен е за директор на Градското претпријатие за хотели — Скопје, Здравковски Милан кој ќе го потпишува, задолжува и раздолжува претпријатието во границите на овластението.

Број 190 од 26-IV-1950 година. II—10—189

НАЗНАЧУВАЊЕ И РАЗРЕШАВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ ДИРЕКТОР НА РЕОНСКАТА КОНДУРАЦИСКА РАБОТИЛНИЦА НА I РЕОН СКОПЈЕ

Финансовото поверенство при Градскиот народен одбор на град Скопје, врз основа на чл. 17 од Основниот закон на државните стопански претпријатија и чл.

18 од Правилникот за регистрација на државните стопански претпријатија објавува:

Со решение на Извршниот одбор на Народниот одбор на I реон Скопје, бр. 12157 од 21-IV-1950 год. разрешен е од должност Владо Сиљановски, директор на Реонската кондураниска работилница на I реон Скопје од кој ден му престанува правото да ја потпишува работилницата.

Со решение на Извршниот одбор на Народниот одбор на I реон Скопје, бр. 12157 од 21-VI-1949 год., назначен е за директор на Реонската кондураниска работилница на I реон Скопје, Митре Пауновски кој ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува работилницата во границите на овластението.

Број 1236 од 8-III-1950 година. II—9—153

МАЛИ ОГЛАСИ

ВОЈНИЧКИ ДОКУМЕНТИ

Изгубената војничка книшка издадена од Ауто команда во Скопје ја огласувам невалидна Кемал Исмаил Мустафа од Скопје ул. 157 бр. 10 IV—87—1480

Изгубената војничка буквица издадена од Војни отсек во Скопје ја огласувам невалидна Изер Ш. Кадри од село Света Петка — Скопје IV—89—1515

Изгубените документи: платна книшка серија "Х" бр. 95486 одекна книшка серија "Б" 21831 ги огласувам невалидни Душан Корица капетан В. П. 5912 — Куманово IV—89—1520

Изгубената војничка книшка издадена од Војни отсек во Скопје ја огласувам невалидна Тодор Б. Димитров од Скопје ул. 59 бр. 33 IV—88—1495

Изгубената текстилна карта Бр. 17 издадена од Војно трговско претпријатие во Скопје ја огласувам невалидна Пандора Андонова од Скопје ул. Питу Гулев бр. 17 IV—88—1499

Изгубената војничка книшка ја огласувам невалидна Борис Денков Тушев од Крива Паланка

Изгубената војничка буквица издадена од Војни отсек во Прилеп ја огласувам невалидна Митре Малчевски од село Бешиште — Прилеп IV—92—1581

Изгубената војничка буквица издадена од Војни отсек во Прилеп ја огласувам невалидна Трајан Здравевски од село Шпавица — Прилеп IV—92—1582

Изгубената војничка книшка издадена од Војни отсек во Куманово ја огласувам невалидна Фаредин Л. Дестани од село Оризари Куманово IV—63—1012

Изгубената војничка книшка издадена од Војни отсек во Г'орче Петров ја огласувам невалидна Тодор Талев од село Бардовци — Скопје IV—64—1020

Изгубената војничка книшка издадена од Војни отсек во Скопје ја огласувам невалидна Стојан Д. Стојанов од Скопје ул. Маршал Коњев бр. 10 IV—64—1021

Изгубената војничка книшка издадена од Војни отсек во Скопје ја огласувам невалидна Тодор Бузалков од село Трубарево — Скопје IV—46—1022

Изгубената војничка книшка издадена од Војни отсек во Титов Велес ја огласувам невалида Јован А. Темелков од Титов Велес ул. М. Малиновски бр. 53 IV—64—1024

Изгубената војничка книшка издадена од Војни отсек во Скопје ја огласувам невалидна Усеин Исљам Мехмедовски од Скопје ул. Гоце Делчев бр. 30

Изгубената војничка книшка издадена од В. С. во Панчево ја огласувам невалидна Ештреф Сакиб Зекир од село Средно Коњари — Скопје IV—64—1027

Изгубената војничка книшка издадена од Војни отсек во Скопје ја огласувам невалидна Самоил М. Писевски од Скопје ул. Илинденска бр. 13 IV—73—1202

Изгубената војничка книшка ја огласувам невалидна Сулеман Ибраим Шабан од село Дебреште — Гостивар IV—74—1213

ЛИЧНИ КАРТИ

ПРИЛЕП

Изгубената лична карта серија "В" бр. 26194 Рег. бр. 11361 издадена од Поверенство за внатрешни работи при Околискиот народен одбор во Прилеп ја огласувам невалидна Благоја Дончев Г'ор'ѓиевски од село Оревојец — Прилеп IV—2—37

Изгубената лична карта серија "В" 1947 Рег. бр. 4151 издадена од Поверенство за внатрешни работи при Околискиот народен одбор во Прилеп ја огласувам невалидна Селман Б. Далиповски од село Канатларци — Прилеп IV—6—96

Изгубената лична карта рег. бр. 1644 серија "В" 1644 издадена од Поверенството на внатрешни работи при Градски народен одбор во Прилеп ја огласувам за невалидна Мемед А. Мемедовски од Прилеп ул. М. Сталин бр. 20 IV—2—21

Изгубената лична карта рег. бр. 7723 серија "В" бр. 23825 издадена од Поверенството на внатрешни работи во Прилеп ја огласувам за невалидна Демироски Муртезов Акиф од с. Канатларци — Прилеп IV—7—133

Изгубената лична карта рег. бр. 11669 серија "В" Бр. 26638 издадена од Поверенството на внатрешни работи Прилеп ја огласувам за невалидна Стојаноски Богев Стојан од с. Гудгаково — Прилеп IV—10—178

Изгубената лична карта Рег. бр. 2747 серија "В" Бр. 2747 издадена од Поверенството на внатрешни работи Прилеп ја огласувам за невалидна Талеска Филипова Стаписја од Прилеп ул. "188" бр. 20 IV—10—179

Изгубената лична карта рег. бр. 781 серија "В" Бр. 16164 издадена од Поверенството на внатрешни работи при Околискиот народен одбор во Прилеп ја огласувам за невалидна Стрезоски Михајлов Крсте од с. Бучин — Прилеп IV—13—245

Изгубената лична карта рег. бр. 4861 серија "В" Бр. 18568 издадена од Поверенството на внатрешни работи во Прилеп ја огласувам за невалидна Ѓеорѓиевски Андонов Спиро од с. Пашино — Прилеп IV—13—246

Изгубената лична карта Рег. бр. 2724 серија "В" Бр. 2724 издадена од Поверенството на внатрешни работи во Прилеп ја огласувам за невалидна Николоски Ацев Киро од Прилеп ул. 175 бр .92. IV—14—249

Изгубената лична карта серија "В" 6561 рег. бр. 6561 ја огласувам за невалидна Сливоски Цветанов Стеван од Прилеп ул. 158 бр. 24 IV—20—375

Изгубената лична карта серија "В" 12280 Рег. бр. 12634 издадена од Поверенство за внатрешни работи при Градскиот народен одбор во Прилеп ја огласувам невалидна Сефединоска Несиме од Прилеп ул. 1887 бр. 29 IV—46—688

Изгубената лична карта серија "В" 4925 Рег.

бр. 4925 издадена од Поверенство за внатрешни работи при Градски народен одбор во Прилеп ја огласувам невалидна Петар Иваноски од Прилеп ул. 158 бр. 20 IV—46—689

КУМАНОВО

Изгубената лична карта серија "Г" 7437 Рег. бр. 8755 издадена од Поверенство за внатрешни работи при Градскиот народен одбор во Куманово ја огласувам невалидна Коста Петрушев Алексиќ од село Карловци — Куманово IV—5—84

Изгубената лична карта серија "А" 92650 Рег. бр. 5114 издадена од Поверенство за внатрешни работи при Градскиот народен одбор во Куманово ја огласувам невалидна Демир Ибраим Асановски од Куманово ул. Средорска бр. 47 IV—7—129

Изгубената лична карта серија "А" 95351 рег. бр. 9471 издадена од Поверенството на внатрешни работи при Градскиот народен одбор во Куманово ја огласувам за невалидна Слободанка Г'уре Панковска од Куманово ул. М. Сталин бр. 50 IV—13—240

Изгубената лична карта сер. бр. 5943 сер. бр. 92094 издадена од Одсекот на внатрешни работи во Куманово ја огласувам за невалидна Богдана П. Лазарова од Куманово ул. М. Жуков бр. 10 IV—14—262

Изгубената лична карта сер. бр. 10977 серија "Г" 10972 издадена од Поверенството на внатрешни рати при Околискиот народен одбор во Куманово ја огласувам за невалидна Бајрами Јашаров Исмаиљ од с. Слупчане — Куманово IV—16—304

Изгубената лична карта Рег. бр. 6445 серија "Г" 6704 издадена од Поверенството на внатрешни работи при Околискиот народен одбор во Куманово ја огласувам за невалидна Емин Мустафов Акиф од с. Романовци — Куманово IV—18—334

Изгубената лична карта рег. бр. 278 серија "Г" 278 издадена од Поверенството на вантрешни работи при Околискиот народен одбор во Куманово ја огласувам за невалидна Јакупи Садика Иса од с. Матејче — Куманово IV—17—331

Изгубената лична карта рег. бр. 4868 серија "Г" 3679 издадена од Поверенството на внатрешни работи при Околискиот народен одбор во Куманово ја огласувам за невалидна Дамњановски Арсов Герасим од с. Романовце — Куманово IV—17—330

Изгубената лична карта рег. бр. 11807 серија "Е" 11743 издадена од Поверенството на внатрешни работи при Околискиот народен одбор во Куманово ја огласувам за невалидна Станковски Богданов Наско од с. Клечовце — Куманово. IV—16—306

Изгубената лична карта серија "Г" 4319 Рег. бр. 3435 издадена од Поверенство за внатрешни работи при Околискиот народен одбор во Куманово ја огласувам невалидна Јахији Селимов Идрис од село Липково — Куманово IV—23—432

Изгубената лична карта серија "Г" 1567 Рег. бр. 1567 издадена од Поверенство за внатрешни работи при Околискиот народен одбор во Куманово ја огласувам невалидна Трипун Минчев Стефановски од село Студена Бара — Куманово IV—23—433

Изгубената лична карта серија "Г" 7280 Рег. бр. 8402 издадена од Поверенство за внатрешни работи при Околискиот народен одбор во Куманово ја огласувам невалидна Весељи Алијов Шабан од село Липково — Куманово IV—23—435

Изгубената лична карта серија "Г" 6438 Рег. бр. 6277 издадена од Поверенство за внатрешни работи при Околискиот народен одбор во Куманово ја огласувам невалидна Крстијан Василев Мишевски од село Шутин Камен — Куманово IV—23—445

Изгубената лична карта серија "Д" 40402 рег. бр 402 издадена од Поверенство за внатрешни работи при Околискиот народен одбор во Гостивар ја огласувам невалидна Азиз Сулејманов Ибраими од село Градец — Гостивар IV—84—1428

Изгубената лична карта серија "Г" 65527 Рег. бр. 6115 издадена од Поверенство за внатрешни работи при Околискиот народен одбор во Куманово ја огласувам невалидна Јорде Тодосов Петковски од село Тромеѓа — Куманово IV—58—910

ПРАВНА ЛИТЕРАТУРА

"Службен весник на Народна Република Македонија" во својата книжарница "НАРОДНО ЗАКОНОДАВСТВО" **располага со богат избор од правни книги, часописи, брошури од закони, уредби и други прописи** меѓу кои се наоѓаат и следните:

Закон за социјалното осигурување
Закон за земјоделските задруги
Закон за државните службеници на ФНРЈ
Закон за државните службеници на НРМ
Општ закон за занатство
Закон о шумама
Закон о државјанству (со коментар)
Устав ФНРЈ и Устав на НРМ
Петгодишњи план ФНРЈ

Стенографске белешке I, II, III и V-вонредног заседања Народне скупштине ФНРЈ
Стенографске белешке II, IV, V, VI и VII редовног заседања Века народа и Савезног века

Народни правник, Народна држава
Архив за правне и друштвене науке
Економист
Римско право, Меѓународно право
Аристотелов устав атенски
Нирнбершка пресуда

Финансијско планирање државних привредних предузеќа
Основни распоред конта за трговину (четврто издање)

Книжарницата се наоѓа во Скопје на ул. Маршал **Тито бр. 31 и се бави со набавка и продажба на книги** од **правен карактер.**

Од Дирекцијата на "Службен весник на НРМ"

СОДРЖИНА

	Стр.
Службени огласи	1
Судски огласи	1
Мали огласи	5

Издава "Службен весник на Народна Република Македонија" — Новинско издавачко претпријатие — Скопје ул. Маршал Тито" бр. 10 Пошт. фах. 51 — Тел. 1986 — Чековна сметка при Народната банка на ФНРЈ. Централа за НРМ Скопје бр. 8.901.812 — Одговорен уредник Петар Јаневски ул. 338 бр. 6 — Печати: Печатница „Гоце Делчев" — Скопје